До
Совет на Општина
Свети Николе

**Предмет**:Барање за добивање Б дозвола за усогласување си оперативен план

Почитуван,

Врз основа на точка 36, член 5, став (1) и (2) од член 95 и став (1) од член 134 од Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ 53/2005, 81/2005 и 24/2007)ОВЧЕПОЛКА ДОО Велес, со локација Свети Николе, како постоечка инсталација изготви барање за добивање дозвола за усогласување со оперативен план.

Согласно законот, фабриката е инсталација која треба да работи под ИСКЗ (Интегрално Спречување и Контрола на Загадувањето) режимот. Според Уредбата за определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување барање за дозвола за усогласување со оперативен план (Сл.Весник бр.89/2005), тие спаѓаат во:

- Групата 6.4 (б), Обработка и преработка наменета за производство на храна од:

-растителни суровини, со капацитет на производство на готови производи од 30-300т на ден (просечна вредност на квартална основа).

- Групата 1.1.- Согорувачки инсталации со номинален топлински влез поголем од 10MW, но помал од 50MW. Прилог 2 што претпоставува добивање Б дозвола за усогласување со оперативе план.

Исто така, Ве молиме да не информирате за висината на надоместокот за дозволата за усогласување со оперативен план согласно член 142-а од Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ 53/2005, 81/2005 и 24/2007) со цел што поефикасо реализирање на законските обврски кои произлегуваат од истиот.

Во прилог Ви доставуваме 3(три) печатени верзии и 1(една) во електронска форма.

Во интерес на што поуспешна соработка Ве покануваме да не контактирате.

Со почит,

Овчеполка ДОО Велес
Директор

_____________________________

Ефремова Соња